**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-1367/2**

# З А П И С Н И К

**Од 56-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 06.03.2018 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемдалија-зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Косана Николиќ Мазнева,Илир Рамадани,м-рРисте Панов,Ивана Трајковска, Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Анита Латифи и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека и Гајур Рамадани.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Арун Ибраими-заменик директор на МРТ,Горан Атанасов- Директор на заеднички функции и администрација.

Седницата започна во 13:20 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Предложено беше по барање на Директорот на МРТ и едногласно усвоено од страна на членовите на советот точка 2 од Дневниот ред да биде префрлена и разгледувана на наредна седница.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**1.**Разгледување и усвојување на записникот од 55-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**2.**Информација за организација на престојниот Избор за песна на Евровизија 2018 (Лисабон).

**3.**Разгледување и усвојување на Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ,со состојба на 31.12.2017 година.

**4.**Разгледување и доставување на предлози за измена и дополнување на Предлог Законот за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2018).

**5.**Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 55-та седница на Програмскиот Совет на ЈРП МРТ**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 55-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Записникот од 55-та седница на Програмскиот Совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 55-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Информација за организација на престојниот Избор за песна на Евровизија 2018 (Лисабон).**

Претседателката на сове ја повика Мери Попова уредник на Културно-уметничката редакција на МТВ по повод оваа точка пред присутните да ја објасни целата постапка за избор на Песна на Евровизија како и целокупната организација на настанот.Мери Попова пред присутните приложи и документација од изборот односно од апликациите за композиции кои пристигнале, како и имиња на лицата од жирито ке било избрано да раководи со овогодинешниот избор на Евросонг.На прашањето на Анита Латифи, Мери исто така објасни пред членовите на советот зошто овојпат бил променет и начинот на избор односно посочи дека во изминатите години се испробале повеќе начини на избор и дека повеќе од нив се покажале како лоши и затоа оваа година се одело на нов начин.
Ведат со прашање како може за еден ден да се преслушаат сите пристигнати 382 композиции и колку од финансиски апсект изнесува целиот проект.Мери објасни дека целиот процес е транспарентен и дека тоа не е нешто ново и дека сите заедно кој работеле на целиот избор вклучувајќи го и жирито по предходно утврден Правилник за избор на песна за Евровизија беше избрана и оваа компзиција и група која ќе не претставува на престојниот Евросонг, а дека што се однесува до финансиите целиот проект ќе ја чини МРТ околу 120.000 евра што е за разлика од другите телевизии од регионот најмал буџет.
Снежана Клинчарова по однос на оваа точка истакна дека барањето за Информација било нејзино и дека како поднесувач на барањето е сосема задоволна само со писмената Инаформација која советот ја доби на предходната седница и дека ова сега е само надминување на надлежностите кои членовите на советот ги имаат по однос на вакви активности.
Членот на советот Златко Јанковски праша како односно по кој критериум се избрани баш тие лица во жирито за избор на песна на Евровизија.
Мери одоговори дека скогаш е пракса да се доставуваат покани за учество во жирито на стручни лица од компетентни институции, медиуми и сл.,кој се занимаваат со ваква професија и проблематика, притоа секогаш се внимава да нема судир на интереси со пристиганите апликанти, е сега дали и колку ќе пртифатат учество во проектот тоа е нивно.

**ТОЧКА 3: Разгледување и усвојување на Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ,со состојба на 31.12.2017 година.**

Воведно излагање по оваа точка даде Соња Јоксимовиќ Кораќ-претседател на Централна пописна комисија која детално го објани Извештајот за изврешен редовен годишен попис на средства и изворите на средства во ЈРП МРТ како начинот и подготовките како се одвивал целиот процес и при тоа објасни дека истиот предходно бил разгледуван на седница на Надзорниот одбор на МРТ со забелешки по однос на имотот кој МРТ го има низ републиката а кој поради одредени причини не е во состојба да се прецизно евидентира.Исто така беше напоменато дека голем терет на МРТ претсавуваат старите возила кој МРТ треба да ги отуѓи и дека тука пред се треба да се реагира за да се изнајде начин и правна рамка истите да бидат законски отуѓени од имотот на МРТ.

По расправата Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ја стави на гласање Предлог – Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2017 година.

■ **Предлог – Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2017 година** година беше ставена на гласање

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2017 година **е едногласно усвоена** од страна на Програмскиот совет.

**ТОЧКА 4:Разгледување и доставување на предлози за измена и дополнување на Предлог Законот за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2018).**
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац пред присутните достави свои предлози кон Предлог Законот за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2018).
Снежана Клинчарова праша што станува со усвоените предлози за подобрување на драфт веризјата ба Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,изгласани на седницата на советот одржана на ден 29.11.2017 г.Текстот беше доставен до сите членови на Програмскиот совет на ден 30.11.2017 г., а моите забелешки ги дадов на 01.12.2017 г.Сега гледам дека повторно се предлагаат истите предходно изгласани и усвоени амандмани.Дали усвоениот документ важи или не важи.Ако не важи јса би ги повлекла своите амандмани.
По расправата беше предложено и едногласно прифатено да се фрормира работна група во состав:Смилка Јанеска Саркањац, Ристе Панов,Ведат Мемедалија и Косана Николиќ Мазнева која за наредна седница на Програмскиот совет ќе изготви драфт верзија на документ Предлог-забелешки од Програмскиот совет на МРТ по однос на Предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2018) кој документ како таков ќе биде разгледуван на седницата на советот.

**ТОЧКА 5: Разно.**
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац пред присутните членови објасни дека согласно договореното како и согласно Одлуките за избор,од нејзина страна биле потпишани Менаџерските договри со Директорот на МРТ и со Заменик на директорот на МРТ, и поради тоа копии од потпишаните договори беа поделени на увид на членовите на Програмскиот совет на МРТ.
Седницата заврши во 15:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател